Број на Службен весник: 106/2013
Датум на објава на Службен весник: 29.07.2013

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.7.2013 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ И ЗАЕДНИЧКАТА РАМКА ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТЕЊЕТО И ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ ВО ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

### Член 1

Со оваа одлука се формира Координативно тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба (во натамошниот текст: Координативно тело).

### Член 2

Координативното тело се состои  од претседавач и дваесет и еден член.

Координативното тело се состои од раководни службеници на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Институтот за акредитација на Република Македонија, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Дирекцијата за заштита на личните податоци, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Заедницата на единиците за локалната самоуправа.

### Член 3

Во работата на Координативното тело  повремено можат да учествуваат и лица од  други органи или институции кои со својата стручност може да допринесат за следењето на имплементацијата на воведувањето и одржувањето на стандардите и инструментите на системите за управување со квалитет од страна на државната служба.

Лицата од ставот 1 на овој член немаат право на глас во Координативното тело.

**Член 4**

Делокругот на работа на Координативното тело е:

-Координирање и следење на имплементацијата на воведувањето и одржувањето на стандардите и инструментите на системите за управување со квалитет во државната служба;

-Планирање и извршување на координирани активности со цел подобрување на квалитетот на услугите кои ги обезбедува државната служба;

- Планирање и координација на активности во насока на зголемена посветеност на државната служба за утврдување на процеси на работењето кои ќе го подобрат квалитетот на услугите кои се нудат од државната служба;

- Следење на одржувањето на воведениот систем на управување со квалитет и заедничката рамка за процена од страна на органите;

- Изготвување на годишен извештај до Владата на Република Македонија за напредокот на воведувањето на стандардите за управување со квалитетот и заедничката рамка за проценка за изминатата година.

**Член 5**

Координативното тело на првата конститутивна седница донесува деловник за својата работа.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4882/1
23 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р Владимир Пешевски, с.р.